Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневните настани 28.06.2023

Полициски службеници од СВР Куманово вчера (27.06.2023) и денеска (28.06.2023) лишиле од слобода две лица, за кои биле распишани потерници и ги спровеле во казнено-поправните установи. Имено, вчера во 10.00 часот, врз основа на судска наредба од Основен суд Гостивар, бил лишен од слобода З.С.(70) од Куманово. Тој се барал со потерница за издржување на мерка притвор, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама", казниво по член 247 ст.4 в.в ст.4 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Скопје. Денеска, пак, во 08.30 часот, врз основа на судска наредба од Основен суд Куманово, полициските службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Р.Х.(60) од с. Сопот, кумановско. Тој се барал со потерница за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 383 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Куманово.

На 27.06.2023 во 13.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.П.(34) од Куманово. При претрес во домот, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, семки од марихуана, дробилка и повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело „кражба", откако претходно бил пријавен од неговата сопруга дека физички ја нападнал. По целосно документирање на случајот, против него ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 27.06.2023 во 20.20 часот на Обиколница - клучка Мирковци, полициски службеници го лишиле од слобода М.Д.(35) од Скопје, бидејќи кај него биле пронајдени и одземени 10 пакувања со прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 17.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар ги лишиле од слобода Ш.Р.(22), Ш.Р.(18) и Б.А.(22) сите од с.Кондово, скопско, бидејќи кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 16.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.Б.(31) од Скопје, бидејќи кај него биле пронајдени и одземени цветови од канабис. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово вчеравечер (27.06.2023) околу 20.45 часот, на регионалниот пат во тетовско Горно Палчиште, го лишиле од слобода 21-годишниот Е.Ф. од гостиварски Добридол. При негов и преглед на патничкото возило „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки, што тој го управувал, му биле пронајдени и одземени кокаин и марихуана. Е.Ф. задржан е во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 15.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Одделението за безбедност на патниот сообраќај при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(29) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 17.15 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.А.(22) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 02.15 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода М.Ш.(25) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (27.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 294 возачи. Од нив, 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 171 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 123 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (27.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 224 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 74 санкции, 19 мерки за возење без возачка дозвола, една санкција за управување возило под дејство на алкохол, седум мерки за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли. Изречени се три санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, осум санкции за користење мобилен телефон при управување возило, девет мерки за некористење сигурносен појас...

На 27.06.2023 во 22.40 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Аминта Трети" пред крстосница со ул.„Ристо Шишков", патничко возило „дачија логан", управувано од К.К.(41) од Скопје удрило во мотоцикл „кавасаки", запрено од Ѓ.С.(34) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.06.2023 во 06.40 часот во СВР Тетово, Н.Н.(54) од Тетово пријавила дека на ул.„Благоја Тоска" била касната од куче скитник.

На 27.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 21 прекршок, од кои 6 надвор од населено место и 15 во населено место. Санкционирани биле и 35 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас, 3 за некористење заштитен шлем, 18 за непрописно паркирање и 1 за непрописно вградени фолии.

На 27.06.2023 година во 21.15 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат А4 Струмица-Ново Село, на делница помеѓу селата Дабиле и Босилово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес", управувано од А.Ѓ. (47) од село Бориево, струмичко и патничко возило „фиат", управувано од Р.М. (31) од село Костурино, струмичко, двете со струмички регистарски ознаки. Од здобиените повреди во несреќата починал возачот А.Ѓ., а смртта ја констатирал лекар во Медицински центар Струмица, а возачот Р.М. се здобил со телесни повреди. Увид на местото извршиле јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и увидна екипа од Полициската станица Струмица.

На 27.06.2023 во 18.15 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Б.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Благоја Паровиќ" бил каснат од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Тетово на 27.06.2023 во акциска контрола спроведена од 08.00 до 12 часот биле откриени и санкционирани вкупно 15 прекршоци (ТЕ-9 и ГВ-6). Најголемиот број од нив (ТЕ-5 и ГВ-6) се однесувале на погрешно запирање и паркирање. Сите прекршоци се заокружени со соодветни поднесоци и зависно од прекршокот ќе следат парични глоби кои се движат од 40 до 180 евра во денарска противвредност.

На 27.06.2023 во 19.40 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосницата од бул.„Борис Трајковски" со ул.„Трајко Иванов", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од И.М.(26) од Скопје и товарно возило „там", управувано од Ј.А.(67) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил И.М., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", а со телесни повреди се здобил Ј.А., констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.06.2023 во 17.10 часот во Полициската станица Аеродром, П.К.(29) од Скопје пријавил дека во близина на Железничката станица во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 27.06.2023 во 05.30 часот било пријавено дека на патот Неготино-Кавадарци, кај с.Марена, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", управувано од В.С.(28) од Неготино и трактор „ИМТ 533", управувано од М.Т.(61) од с.Тимјаник, неготинско, двете со неготински регистарски ознаки. Во несреќата, сопатничка која се превезувала на тракторот, Н.Т.(64) од с.Тимјаник, се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 27.06.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.М.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Јани Лукровски" била касната од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.Д.(30) од Р.Турција, со дозвола за престој во Штип, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 24.11.2022 во Штип, во близина на Градскиот трговски центар, при извршен преглед над пријавениот и патничкото возило кое го управувал, пронајдена е и одземена марихуана.

На 27.06.2023 околу 15,30 часот во СВР Штип е пријавено дека на место викано „Петти мост" во атар на с.Градец, виничко, Д.М.(68) од с.Градец се лизнал и паднал во речното корито на Градечка Река, по што бил пренесен во Клиничка болница Штип, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 28.06.2023 во 08.15 часот М.П.(59) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар бил физички нападнат од У.А.(44) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2023 во Полициската станица Свети Николе, С.П.(46) од Свети Николе пријавил дека на ул.„Филип Втори" во Свети Николе бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Валандово поднесе кривична пријава против И.П.(43) од Гевгелија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама". Во периодот од август 2022 до мај 2023 година, пријавениот преку телефон, лажно се претставувал како С.Г., вработен во Фондот за здравство, при што со нудење на помош за подигање на парични средства од Фондот, со измама ја навел А.Г. од с.Балинци да му исплати околу 6.000 евра.

На 27.06.2023 околу 08.40 часот во СВР Велес е пријавено дека во с.Кочилари, велешко, во близина на овоштарник, А.К.(68) од с.Долно Каласлари, велешко, паднал од тракторот и бил прегазен од тркалото, при што се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница Велес. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 27.06.2023 во 22.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, малолетник бил физички нападнат од М.М.(50), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.06.2023 во 00.30 часот било пријавено дека во с.Црешево, скопско, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Т.С.(44) и И.С.(42). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 15.00 часот Д.О.(37) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Р.Д.О.(58), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 11.30 часот А.В.(21) од Скопје пријавила дека на 25.06.2023 околу 21.30 часот на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, била физички нападната од Д.О. (женско лице). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2023 во 22.24 часот, З.А.(42) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Аеродром нејзината малолетна ќерка била физички нападната од две женски лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2023 во 18.20 часот Д.В.(21) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од Д.М.(19) и Д.П.(20), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 18.30 часот Ф.Ќ.(26) од с.Шемшево, тетовско, пријавил дека во с.Матка тој и А.Ќ., по претходно недоразбирање, биле физички нападнати од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.06.2023 во 18.20 часот Р.А.(65) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната со тврди предмети од Е.М.(35) и Е.Е.(58), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2023 во 20.20 часот Б.О.(26) од с.Палиград пријавил дека околу 19.10 часот во с.Батинци бил физички нападнат со тврд предмет од Р.М.(19) од с.Батинци. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ц.М.(62) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 18.06.2023 околу 15.30 часот, во ходник од напуштена куќа на улицата „Даме Груев" во Охрид, пријавениот при караница и меѓусебна физичка пресметка со 49-годишен охриѓанец, посегнал по пиштол кој го поседувал нелегално и испукал еден куршум во таванот.

На 27.06.2023 во 09.00 часот во Полициското одделение Сарај, Н.И.(67) од с.Бојане пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син М.И.(31). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 27.06.2023 во 21.46 часот Д.Ќ.(49) од Скопје пријавила дека пред угостителски објект во трговски центар на подрачјето на Аеродром, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2023 околу 18.45 часот во СВР Куманово 63-годишен скопјанец пријавил дека околу 18.00 часот во с.Никуштак, Општина Липково, А.М. од с.Никуштак, со кого имал нерасчистени должничко-доверителски односи, пред семејната куќа испукал кон него со огнено оружје, но не го погодил. Во координација со Јавен обвинител, извршен е увид од страна на увидна екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.П.(43) од Крива Паланка, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „уништување или оштетување јавни инсталации". На 13.05.2023 во с.Градец, Крива Паланка, на место викано „Пушкарци", пријавениот со вршење на сеча на дрво во приватен имот оштетил јавен кабел – проводник, при што предизвикал прекин на електричната енергија во селото.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет